Точка на дневен ред: **2**
Предлагач: **Акционери**

# Материјал за Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Избор на записничар и бројач на гласови на Собранието

Акционерите му предлагаат на Собранието на акционери да ја усвои следната:

### Одлука за избор на записничар и бројач на гласови на Собранието

Во прилог:
– Предлог-одлука за избор на записничар и бројач на гласови на Собранието.

Скопје, мај 2026 година

## Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за избор на записничар и бројач на гласови

Врз основа на член 50 и член 50-в од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје ја донесе следната

### Одлука за избор на записничар и бројач на гласови

1. За записничар на Годишното собрание на акционери се избира ____________.
2. За бројач на гласови на Годишното собрание на акционери се избира ______________.
3. Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Во Скопје, 28.05.2026 година

Одлуката да се достави до:

- Секретаријат

Претседавач
на Годишно собрание на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

**Образложение**

Согласно член 50 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието одлучува со јавно гласање. За броење на гласовите Собранието избира најмалку еден бројач на гласови.

Согласно член 50-в од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, за работата на Собранието се води записник кој ги содржи податоците утврдени со Деловникот за работа на Собранието на акционери. Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од одржувањето на Собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот на Собранието, а го заверуваат заверувачи на записник.

За записничар и заверувачи на записник не може да бидат избрани член на Управен одбор, или Надзорен одбор, ниту претседавачот на Собранието.

Ако Собранието одлучува за измена на податок кој, согласно Законот за трговски друштва се упишува во трговскиот регистар, записникот го води нотар и тогаш записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржување на Собранието и него го потпишува нотарот и претседавачот со Собранието.

Скопје, мај 2026 година